Врз основа на член 21-б став (7) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005,29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010,171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/2019 и 103/2021 ) и член 34-а став (7) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско („Службен весник на Република Македонија” бр. 07/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, донесе

**Правилник**
**за потврдата со мислење на овластениот актуар**

**Консолидиран текст**
(„Службен весник на Република Македонија”бр.155/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија број 71/2023)

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат начинот, содржината и формата на потврдата со мислење (во понатамошниот текст: потврда) за преземените дејствија, од страна на овластениот актуар на пензиското друштво, во врска со дадени насоки за пресметка на програмираните повлекувања, проверка дали направените пресметки и користените таблици на смртност и каматните стапки се во согласност со закон и подзаконските акти пропишани од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) и проверка на ликвидноста на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд (во понатамошниот текст: пензиски фонд).
(

**Член 2**

Овластениот актуар на пензиското друштво изготвува потврда, за секое тромесечие од тековната година, за секој пензиски фонд поединечно.

Овластениот актуар ја поднесува потврдата до управниот одбор на пензиското друштво.

Овластениот актуар ја доставува потврдата до Агенцијата во рок од еден месец од завршувањето на тромесечието за кое се однесува потврдата.

Доколку овластениот актуар утврди дека програмираните повлекувања не се пресметани согласно закон и подзаконски актите пропишани од Агенцијата, веднаш го известува управниот одбор на друштвото. Доколку управниот одбор не превземе активности во врска со известувањето на овластениот актуар, актуарот веднаш ја известува Агенцијата. Статистичките податоци од потврдата на овластениот актуар од член 3 став 1 точка ѓ) од овој правилник, дополнително се доставуваат до Агенцијата и во електронска форма во ексел табела

**Член 3**

Потврдата на овластениот актуар содржи мислење за:

а) Дадени насоки за пресметки на програмираните повлекувања што се исплатиле од пензискиот фонд во периодот за кој се однесува потврдата;

б) Начин на пресметка на програмираните повлекувања што се исплатиле од пензискиот фонд во периодот за кој се однесува потврдата;

в) Таблици на смртност кои се користени при пресметките на програмираните

повлекувања;

г) Каматни стапки кои се користени при пресметките на програмираните повлекувања;

д) Ликвидност на пензискиот фонд и

ѓ) Статистички податоци.

Овластениот актуар ја изготвува потврдата од став 1 на овој член, на Образец број 1 „Потврдата со мислење за преземените дејствија на овластениот актуар“ од овој правилник.

**Член 4**

Актуарот при давањето насоки и изготвувањето проценки, врз основа на кои ја изготвува потврдата, применува општо познати и признати актуарски методологии, согласно актуарските стандарди и пракса, како и согласно важечките прописи.

Во потврдата актуарот јасно и прецизно ги наведува податоците, информациите и претпоставките кои ги користел при давањето насоки, анализите и проценките врз основа на кои ја подготвува потврдата.

Доколку, актуарот користи или се повикува на работата од други лица во потврдата го наведува изворот на податоците врз основа на кој ја изготвил потврдата.

Доколку, актуарот утврди дека постојат значајни недостатоци во расположливите податоци кои ги користи, а кои значајно придонесуваат за неизвесност во неговите проценки, може да направи корекции на податоците со цел да го неутрализира нивниот ефект. Доколку актуарот направи такви корекции потребно е јасно да ја наведе природата, износот и принципот на извршените корекции.

**Мислење за дадени насоки за пресметка на програмираните повлекувања што се исплатиле од пензискиот фонд**

**Член 5**

Актуарот дава насоки за начинот на пресметка на програмираните повлекувања што треба да биде во согласност со формулите за пресметка на месечните пензии и пензиски надоместоци преку програмирани повлекувања пропишани со закон и дава насоки за параметрите што треба да се користат за пресметка на програмираните повлекувања.

Актуарот дава насоки за првата и за сите повторни пресметки на пензии и пензиски надоместоци преку програмирани повлекувања, кои може да бидат доживотни или привремени.

**Мислење за начинот на пресметка на програмираните повлекувања што се исплатиле од пензискиот фонд**

**Член 6**

Актуарот проверува дали пресметките на програмираните повлекувања, вклучувајќи доживотни програмирани повлекувања и привремени програмирани повлекувања, се на начин пропишан со закон и подзаконските акти пропишани од Агенцијата.

Актуарот проверува дали за сите нови корисници на пензија или пензиски надоместок преку програмирани повлекувања во периодот на проверка се направени пресметки за програмираните повлекувања. При тоа актуарот проверува дали при првата пресметка на програмирани повлекувања се користени формулите пропишани со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и дали се користени параметрите: вкупен износ на средства на индивидуална сметка и доброволна индивидуална и/или професионална сметка, ануитетен фактор за поединечна пензија, возраст на корисникот на

пензија или пензискиот надоместок и пазарната стапка на принос.

Актуарот проверува дали за сите тековни корисници на пензија или пензиски надоместок преку програмирани повлекувања, за кои во периодот на проверка изминале 12 месеци од последната пресметка, се направени соодветни повторни пресметки. При тоа, актуарот проверува дали при повторната пресметка на програмирани повлекувања се користени формулите пропишани со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и дали се користени параметрите: нов износ на средства на индивидуална сметка и доброволна индивидуална и/или професионална сметка, нов ануитетен фактор за поединечна пензија, нова возраст на корисникот на пензија или пензиски надоместок и нова пазарната стапка на принос.

Доколку треба да се проверат привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет од втор столб, покрај проверката од став 2 на овој член, актуарот проверува и дали почетниот сооднос меѓу пензијата преку привремени програмирани повлекувања и пензијата преку доживотен одложен ануитет е поголем од 0,65/1 и помал од 1,5/1 за секој корисник кој има право на минимална пензија.

Актуарот ги проверува сите користени памерерти и начинот на пресметка на соодветениот ануитетен фактор и каматната стапка за пресметките од ставовите 2, 3 и 4 на овој член.

**Мислење за таблиците на смртност кои се користени при пресметките на програмираните повлекувања**

**Член 7**

Актуарот проверува дали таблиците на смртност кои се користени при пресметките на доживотните и привремените програмираните повлекувања се во согласност со минималните стандарди пропишани во Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти пропишани од Агенцијата и дава мислење.

Актуарот проверува дали при определувањето на таблиците на смртност, кои ќе ги користи пензиското друштво, е земена во предвид специфичноста на популацијата составена од пензионери и подобрување на долговечноста.

Актуарот ги наведува конкретните таблици на смртност кои се користени во пресметките на програмираните повлекувања за период за кој се однесува потврдата, како и усогласувањата и корекциите на таблиците доколку се направени.

**Мислење за каматните стапки кои се користени при пресметките на програмираните повлекувања**

**Член 8**

Актуарот проверува дали каматните стапки кои се користени при пресметките на доживотните и привремените програмираните повлекувања се во согласност со минималните стандарди пропишани во Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансираното пензиско осигурување и подзаконските акти пропишани од Агенцијата и дава мислење.

Актуарот проверува дали при определувањето на каматната стапка која се користи за пресметка на ануитетниот фактор е земено во предвид дека:

- каматната стапка не може да биде поголема од преовладувачката пазарна реална стапка на принос на долгорочните должнички хартии од вредност и
- долгорочните и среднорочните реални стапки на принос се засноваат на

преовладувачките номинални пазарни стапки на принос за долгорочните и среднорочните должнички инструменти намалени за процената на стапката на трошоци за живот за истите периоди и на процената на идните преовладувачки пазарни стапки за долгорочните и среднорочните безризични должнички хартии од вредност, застапени во портфолијата на пензиските фондови.

**Мислење за ликвидноста на пензискиот фонд**

**Член 9**

Актуарот прави проверка на ликвидноста по тип на пензиски фонд врз основа на ликвидните средства, побарувањата и доспеаните обврски односно обврските кои наскоро ќе доспеат. Проверката се прави на почетокот на секој квартал за претходниот квартал и истовремено се прави проценка за наредниот квартал.

Ликвидни средства се пари, депозити и сите хартии од вредност кои може за краток рок да се конвертираат во пари без да има големо влијание на цената на инструментот.

Побарувања на пензиски фонд се побарувањата по основ на вложување и предвидувања за идни приливи по основ на уплата на придонеси.

Доспеани обврски на пензиски фонд се обврски по основа на исплата на пензии и пензиски надоместоци и други исплати согласно закон, обврски по основ на вложување, обврски за исплата кон пензиското друштво по основ на надоместоци и останати обврски кои доспеале до последниот ден на извештајниот период.

Обврски на пензиски фонд кои наскоро ќе доспеат се обврски по основа на исплата на пензии и пензиски надоместоци, и други исплати согласно закон, обврски по основ на вложување, обврски за исплата кон друштвото по основ на надоместоци и останати обврски кои ќе доспеат до последниот ден на извештајниот период.

Покрај проверката од ставот 1 на овој член, во последниот квартален извештај во годината актуарот прави проценка за ликвидноста на пензискиот фонд за период од следните седум години.

Проценките кои произлегле од проверката на ликвидноста на пензискиот фонд треба да бидат поткрепени со соодветна документација од која може да се потврди веродостојноста на проценките.

**Статистички податоци**

**Член 10**

Актуарот ги проверува статистичките податоци за бројот на исплатите и износите по вид на пензиски фонд, основ за исплата и вид на исплата за периодот за кој се однесува потврдата, по месеци за тековната година.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Член 12**

**(Член 3 од Службен весник на Република Северна Македонија број 71/2023)**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Претседател на Советот на експерти

Лого на пензиското друштво

Образец 1

**Потврда со мислење за преземените дејствија на овластениот актуар**

Пензиски фонд: _____________________ Период: од _____________ до _____________

Тип на пензиски фонд: _________________

| | |
|---|---|
| 1 | Податоци, информации и претпоставки кои ги користи актуарот |
| | (Се наведуваат:<br>- податоци, информации и претпоставки,<br>- изворот на податоците врз основа на кој ја изготвил потврдата,<br>-природа, износ и принцип на извршените корекции на податоците, доколку се направени) |
| 2 | Мислење за дадени насоки за пресметки на програмираните повлекување што се исплатиле од пензискиот фонд |
| | (Се опишуваат дадените насоки) |
| 3 | Мислење за начинот на пресметка на програмираните повлекувања, користени параметри и ануитетен фактор и пазарна стапка на принос |
| | • Доживотните програмирани повлекувања за сите нови корисници на пензија/пензиски надоместок се пресметани согласно со формулите пропишани во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Доживотните програмирани повлекувања за сите тековни корисници на пензија/пензиски надоместок се пресметани согласно со формулите пропишани во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Привремените програмирани повлекувања за сите нови корисници на пензија/пензиски |

| | |
|---|---|
| | надоместок се пресметани согласно со формулите пропишани во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Привремените програмирани повлекувања за сите тековни корисници на пензија/пензиски надоместок се пресметани согласно со формулите пропишани во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Во случај на привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет од втор столб, почетниот сооднос меѓу пензијата преку привремени програмирани повлекувања и пензијата преку доживотен одложен ануитете е поголем од 0,65/1 и помал од 1,5/1 за секој корисник кој има право на минимална пензија.<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Дали ануитетниот фактор кој се користи во пресметките на доживотните и привремените програмирани повлекувања е пресметан согласно со возраста на корисникот на пензија/пензиски надоместок и согласно со таблицата на смртност која е определена да се користи?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките)<br><br>• Дали ануитетниот фактор кој се користи во пресметките на доживотните и привремените програмирани повлекувања е пресметан согласно со каматната стапка која е определена да се користи?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките) |
| 3 | Мислење за таблици на смртност кои се користени при пресметките на програмираните повлекувања |

| | |
|---|---|
| | Користена е таблица на смртност (да се наведе која таблица е користена)<br><br>Направени се следните усогласувања и корекции (доколку се направени усогласувања и корекции истите да се наведат и да се наведе причината за нивно користење)<br><br>Користената таблица на смртност е согласно пропишаните стандарди во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките) |
| 4 | Мислење за каматните стапки кои се користени при пресметките на програмираните повлекувања? |
| | Користена е каматна стапка (да се наведе која каматна стапка е користена)<br><br>Користената каматна стапка е согласно пропишаните стандарди во закон?<br><br>а) Да б) Не<br>(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините и да се даде предлог за корегирање на пресметките) |
| 5 | Мислење за ликвидноста на пензискиот фонд |
| | (Се дава мислење за ликвидноста и се објаснува начинот на пресметка на ликвидноста) |
| 6 | Статистички податоци за задолжителен пензиски фонд[1] |

[1] Податоците се прикажуваат само за задолжителен пензиски фонд

| Р.Б. | **Пензиски фонд** | **назив** | мм.гггг | | мм.гггг | | мм.гггг | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на пензиски фонд** | задолжителен | број на исплати | износ на исплати | број на исплат и | износ на исплати | број на исплати | износ на исплати |
| | Вид на исплата | (колоната не се пополнува) | | | | | | |
| 1 | **Програмирани повлекувања** | 1=2+5+7 | | | | | | |
| 2 | **Старосна пензија** | 2=3+4 | | | | | | |
| 3 | *Доживотни програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 4 | *Привремени програмирани повлекувања во комбинација со одложен доживотен ануитет* | | | | | | | |
| 5 | **Инвалидска пензија** | 5=6 | | | | | | |
| 6 | *Доживотни програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 7 | **Семејна пензија** | 7=8+9 | | | | | | |
| 8 | *Доживотни програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 9 | *Привремени програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 10 | **Исплати** | 10=11+12+13+14 | | | | | | |
| 11 | *Исплата заради доживотен непосреден ануитет* | | | | | | | |
| 12 | *Исплата заради доживотен одложен ануитет* | | | | | | | |
| 13 | *Исплати во ФПИОМ по основ инвалидска пензија* | | | | | | | |
| 14 | *Исплати во ФПИОМ по основ семејна пензија* | | | | | | | |
| 15 | **Наследство** | | | | | | | |
| 16 | **Исплата доколку не е остварено право на пензија** | | | | | | | |
| 17 | **Вкупно исплати** | 17=1+10+15+16 | | | | | | |

7 Статистички податоци – за доброволен пензиски фонд[2]

[2] Податоците се прикажуваат само за доброволен пензиски фонд

| Р.Б. | Пензиски фонд | назив | мм.гггг | | мм.гггг | | мм.гггг | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на пензиски фонд** | доброволен | број на исплати | износ на исплати | број на исплати | износ на исплати | број на исплати | износ на исплати |
| | Вид на исплата | (колоната не се пополнува) | | | | | | |
| 1 | **Програмирани повлекувања** | 1=2+5 | | | | | | |
| 2 | **Пензиски надоместок** | 2=3+4 | | | | | | |
| 3 | *Доживотни програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 4 | *Привремени програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 5 | **Пензиски надоместок во случај на инвалидност** | 5=6+7 | | | | | | |
| 6 | *Доживотни програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 7 | *Привремени програмирани повлекувања* | | | | | | | |
| 8 | **Еднократни исплати** | 8=9+11 | | | | | | |
| 9 | **Пензиски надоместок** | 9=10 | | | | | | |
| 10 | *Еднократна исплата - пензиски надоместок* | | | | | | | |
| 11 | **Пензиски надоместок во случај на инвалидност** | 11=12 | | | | | | |
| 12 | *Еднократна исплата - пензиски надоместок во случај на инвалидност* | | | | | | | |
| 13 | **Повеќекратни исплати** | 13=14+16 | | | | | | |
| 14 | **Пензиски надоместок** | 14=15 | | | | | | |
| 15 | *Повеќекратна исплата - пензиски надоместок* | | | | | | | |
| 16 | **Пензиски надоместок во случај на инвалидност** | 16=17 | | | | | | |
| 17 | *Повеќекратна исплата - пензиски надоместок во случај на инвалидност* | | | | | | | |
| 18 | **Исплати** | 18=19+20+21+22 | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | *Исплата заради непосреден анунтет -пензиски надоместок* | | | | | | | | |
| 20 | *Исплата заради одложен анунтет - пензиски надоместок* | | | | | | | | |
| 21 | *Исплата заради непосреден анунтет - пензиски надоместок во случај на инвалидност* | | | | | | | | |
| 22 | *Исплата заради одложен анунтет - пензиски надоместок во случај на инвалидност* | | | | | | | | |
| 23 | **Наследство** | | | | | | | | |
| 24 | **Вкупно исплати** | 24=1+8+13+18+23 | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| 8. | Останато (да се наведат останати мислења и заклучоци и сл. кои не се наведени во претходната содржина) |
| 9. | Финално резимирано мислење (да се наведе генерално мислење на актуарот за сите преземени дејствија согласно со закон и подзаконски акти, како и евентуални препораки за корекции и подобрувања ) |
| | Име и презиме на овластениот актуар: ____________________________________<br>Телефон:_________________________ E-mail адреса: _____________________________ |